# VICTIMOLOGICAL DIMENSIONS OF DOMESTIC VIOLENCE

**Goce Veleski**
Faculty of law - Kichevo, UKLO – Bitola, North Macedonia, goceveleski@yahoo.com
**Pakiza Tufekdji**
Faculty of law-Kichevo, UKLO–Bitola, North Macedonia, pakiza.tufekci@uklo.edu.mk

**Abstract:**The prevention and detection of crime is one of the main tasks that every state sets before itself. There are many reasons that contribute to a certain person becoming a criminal or resorting to some socio-pathological phenomenon. One of those factors is the family. The family is a place where a person expects to receive the greatest love, warmth and support.Very often, instead of having a positive influence on people, the family is the main factor that contributes to the resorting to criminal behavior of its members.Most often we are talking about those families in which the relations between the members are disturbed, that is, very often the person who becomes a criminal is a victim of domestic violence or comes from a family in which domestic violence is committed.For a long time, victimology has been working invisibly as one of the means of crime prevention directly with the help of potential victims.Victimization is the development of conscious behavior among citizens that prevents material damage, attacks and accidents. Moreover, this is also a close interaction with the architects, who think about the urban space in such a way that it contains a minimum of closed places that are well suited to carry out illegal actions. Domestic violence is a very sensitive topic for which, unfortunately, there was no legal regulation corresponding to it in our positive legislation. If we were to define it, domestic violence would include a set of activities that establish control over other family members.Art. 3 of the Law on Prevention, Prevention and Protection from Domestic Violence enumerates a large number of actions that constitute domestic violence. The same law defines the terms perpetrator and victim. And the perpetrator is the person who commits any of the violence listed in the article defining domestic violence, while the victim is the person who suffers violence on the territory of our country.Domestic violence is also said to represent in some way the abuse of power in family relationships, and it is considered that those relationships are based on inequality within the family community and is defined as a set of behaviors with which the perpetrator tries to establish control over other members of the family while using force, threat and manipulation.In recent years, reports of domestic violence have been growing, but the numbers are far from real, because according to NGOs, only 2 percent of victims are encouraged to report to the police. Another problem is that 80 percent of those who report are subsequently withdrawn from prosecution. The victims speak only when the consequences of the beating become visible.
**Keywords:** violence, family, domestic violence, victim, perpetrator

# ВИКТИМОЛОШКИ ДИМЕНЗИИ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

**Гоце Велески**
Правен факултет-Кичево, УКЛО, РС Македонија, goceveleski@yahoo.com
**Пакиза Туфекџи**
Правен факултет–Кичево, УКЛО, РС Македонија, pakiza.tufekci@uklo.edu.mk

**Резиме:** Превенцијата и откривањето на криминалот се една од најголемите задачи што пред себе ги поставува секоја држава. Постојат многу причини кои придонесуваат одредено лице да постане криминалец или да посегне кон некоја социо патолошка појава. Еден од тие фактори е семејството. Семејството претставува место во кое еден човек очекува да ја добие најголемата љубов, топлина и поддршка.Но, исто така многу често тоа е и причината за одредено лице да посегне по криминал. Најчесто станува збор оние семејства во кои се нарушени односите меѓу членовите, односно многу често лицето кое постанува криминалец е жртва на семејно насилство или доаѓа од семејство во кое се врши семејно насилство.
Семејното насилство е доста чуствителна тема за која не постоеше за жал правна регулатива која би соодвествувала со истата во нашето позитивно законодавство. Кога би ја дефинирале, семејното насилство би вбројувало збир на активности со кои се воспоставува контрола врз другите членови на семејството. Чл. 3 од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство вбројува голем број на дејствија кои го сочинуваат семејното насилство. Истиот закон и поимно ги опрделува термините сторител и жртва. И тоа сторител е лицето кое врши некое од насилствата кои се набројани во членот во кој е дефинирано семејното насилство, додека пак жртва е лицето кое трпи насилство на територијата на нашата држава

.Семејното насилство на некој начин претставува и злоупотреба на моќ во семејните односи и се смета дека тие односи се засноваат на нееднаквост во семејната заедница и се дефинира како збир на однесувања со кои сторителот се обидува да воспостави контрола врз други членови на семејството при употреба на сила, закана и манипулација.Во последните години, пријавите за семејно насилство растат, но бројките се далеку од реални, бидејќи според невладините организации, само 2 проценти од жртвите се охрабруваат да го пријават проблемот. Друг проблем е што 80 отсто од пријавените потоа се повлекуваат и се откажуваат од гонење. Жртвите зборуваат само кога ќе станат видливи последиците од тепањето.

**Клучни зборови**: насилство, семејство, семејно насилство, жртва, сторител

## 1. ВОВЕД

Виктимологијата во историска смисла се јавува уште во втората половина на 19. Век. Во однос на поимот и предметот на виктимологијата, а со тоа и на статусот кој таа го има се поставени две прашања поврзани со статусот на учењето за жртвата и кои видови жртви се изучуваат во нејзините рамки.Кога станува збор за статусот на виктомологијата, а со тоа и на учењето за жртвата, се јавуваат две основни концепции и тоа:виктимологија со статус на самостојна наука и виктимологија како статус на гранка на криминологијата.Тргнувајќи од тоа дали виктимологијата е се уште дел од криминологијата или е самостојна наука разликуваме предмет кој е сфатен во потесна или поширока смисла. Сфатена во потесна смисла, виктимологијата е наука која ја изучува жртвата на злочинот (кривичните дела). Во ваков случај таа е тесно поврзана со криминологијата и е позната како криминална виктимологија (proto - victim).Според поширокото сфаќање, виктимологијата се бави со изучување на сите видови жртви на кривичните дела, другите казниви дејствија, жртвите на кршењето на правата на човекот од страна на државата, претставниците на власта и жртвите нанесреќи. Вака е позната како општа виктимологија (Станојоска 2015:2) „Синдромот на жртвата“, „психологијата на жртвата“, „менталитетот на жртвата“, „феноменот на жртвата“ или виктимизацијата се комплекс од социјални, ментални и физички знаци и особини на личноста кои ја зголемуваат можноста да се трансформира во жртва (на пример, несреќа, деструктивен култ, криминал итн.). Како да се ослободите од виктимизацијата засекогаш? Однесувањето на жртвата е дефиниција што е широко распространета во форензичката наука и психологијата (доаѓа од латинскиот виктима - суштество што жртвува). Форензичарите како жртва го дефинираат незаконското, неморално или пркосно однесување на жртвата, што станало причина за извршување на делото. Луѓето зборуваат за ова однесување поедноставно: тој самиот го побара тоа. Жртвите од овој вид воопшто не сакаат да се најдат во такви непријатни ситуации, но сепак постојано „заглавуваат“(Бужаровска, Кошевалиска,Нанев 2018: 8) Склоноста кон виктимизирано однесување зависи и од структурата на семејството. На пример, во семејство во кое возрасните се одговорни за своите зборови и ги исполнуваат сите ветувања, децата се повеќе склони да ги слушаат нивните совети и во различни ситуациии донесете правилни одлуки... Децата знаат дека родителите ја прават вистинската работа и, соодветно, нивниот совет е исто така точен. Покрај тоа, во семејства со виктимизирани родители, по правило, растат виктимизирани деца. Во психологијата на однесувањето на жртвата, постојат три типа на луѓе кои предизвикуваат насилство врз нив:

- нестабилна;
- псевдо-провокативен;
- пасивно покорен.

Пасивно покорените се најчести (40%) и се карактеризираат со тоа што жртвата се брани несигурно и слабо, или воопшто не се брани и ги исполнува сите барања што ги поставува напаѓачот. Вториот случај вклучува ¼ жртви, оваа ситуација се карактеризира со провокација на напаѓачот со активно сексуално флертување, па дури и понекогаш пиење заедно алкохолни пијалоци(кога се работи за силување) или во други дејствија кои предизвикуваат агресија од другата страна. Првиот тип на жртви вклучува 35%, а се карактеризира со остра промена во линијата на однесување, алтернација и недоследност на други видови.Семејното насилство може да се случува во бракот, односно меѓу брачните другари, кон децата, кон постари членови на семејството, вонбрачни партнери итн. Семејното насилство се појавува кај лужето припадници на различни култури, вери и општествени слоеви. Сите членови во семејството можат да се јават во улога на жртви или сторители, но најчесто жртви се децата, жените и старите лица во семејството.(Станојоска 2015:15) Семејното насилство се јавува во различни форми и облици и вклучува различниу дејствија од вербално навредување до малтретирање, физичко и сексуално злоставување., како и психолошко загрозување и предизвикување на страв кај жртвата.(Констановиќ,Николиќ,Костиќ 2012: 120) Произлегува дека семејното насилство може да се јави во неколку облици и тоа:

- домашно, физичко, психолошко или економско

- насилствосилување или сексуален напад во брак, надвор одбрак
- сексуална злоупотреба во детство
- злосторства во име на „честа"
- присилен брак
- сексуално вознемирување, трговија со луѓе и сексуална експлоатација
- демнеење
- вознемирување или насилство на работно местоили јавен простор
- сајбер насилство или вознемирување.(Бесплатна правна помош брошура 2021: 7)

Како жртва на семејното насилство може да се јави било кој член на семејството без разлика на возраста и полот. Но, према истражувањата, најчести жртви на семејно насиство се жените, додека пак во помал процент се застапени мажите како жртвиа.Уште од талмундските мудреци е познато дека правењето зло преку зборови боли повеќе од нанесувањето на материјална штета.(Асијел 2012:17)
Теоретичарите сметаат дека треба да се создаде една посебна категорија на жртви каде ќе бидат вклучени и жртвите од семејно насилство, а сетотоа со цел да им се обезбеди полесна комуникација со државните органи кои би им понудиле помош.
Во однос на овој облик на криминал треба да се констатира дека во чл. 122, т. 21 од македонскиот Кривичен законик (КЗ) е дефинирано семејното насилство и природата на односот на сторителот со жртвата на семејно насилство. Дефиницијата во КЗ ги утврдува видовите семејно насилство, дејствата на извршување, предизвиканите последици, својството на сторителот и објектот на заштита.(Тодорова, Апасиев, Шутова, Максимова, Кошевалиска, Стојановски 2020: 115) Но, и покрај застапеноста на овој вид на насилство, нашиот законодавец нема посебна инкриминација, туку го вбројува семејното насилство како квалификаторен облик кај различни кривични дела. Оттаму и кривичните дела коишто вклучуваат семејно насилство се разместени во различни глави на КЗ врз основа на различниот објект на заштита.
Семејното насилство покрај во сиромашните семејства и семејствата кои се дезорганизирани, може да се појави во различни форми и во семејствата кои на лик имаат мирен и спокоен живот, а ниивните припадници не смеат да изнесуваат информации надвор од семејството (Тодорова, Апасиев, Шутова, Максимова, Кошевалиска, Стојановски 2020: 116)

## 2. ВИДОВИ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Семејното насилство се јавува во неколку облици и тоа: може да биде физичко, психичко, сексуално или економско.
Физичкото насилство е она насилство со кое се нанесува физичка повреда, штета, а може да предизвика и потешки последици, односно може да заврши и со предизвикување инвалидитет, па и смрт кај лицето жртва. Физичкото насилство може да биде непосредно кое настанува со директна повреда на жртвата или индиректно со фрлање и уништување на предмети во нејзина близина.
Емоционално насилство или малтретирање се манифестира со примена на:
• вербални закани за физичко насилство врз жртвата, врз себе или други, меѓу кои и децата;
• вербални закани, навреди, омаловажувања и напади;
• невербални закани како на пример разни гестови, изрази на лицето и држење на телото;
•прекумерна економска и социјална контрола, како што е контролирање напарите на жртвата и други економски средства, потоа спречување на жртвата да се гледа со пријателите и роднините, активно попречување на општествените врски на жртвата и изолирање на жртвата од општествени контакти.
Економското насилство се случува кога :
• насилникот има целосна контрола врз парите на жртвата и други економски средства;
• жртвата е спречена да го заврши образованието или да добие вработување;
• намерно безмилосно се трошат и злоупотребуваат заедничките средства и слично.
Сексуалното насилство се манифестира како:
• примена на физичка сила за да се присили личност да има сексуален однос против негова или нејзина желба, без разлика дали делото е направено или не;
• обид за сексуален однос или извршен сексуален однос вклучувајќи личност која не може да ја разбере природата или состојбата на делото, не може да го спречи тоа или не може неподготвено да комуницира да се впушти во сексуален однос, на пример поради незрелост, болест, инвалидност, влијанието на алкохол или други дроги, поради заплашување или притисок;
• навредлив сексуален контакт.(Станојоска 2015: 95)

Во зависност од тоа дали насилството се случува меѓу интимни партнери или други членови на семејството, разликуваме интер - партнерско семејно насилство (насилство во бракот) и насилство меѓу членовите на семејството (насилство врз стари лица и насилство врз деца).Насилството врз жените во бракот долго време беше класификувано како право на машките партнери и приватна работа, па затоа полицијата никогаш не реагираше во случаите (доколку постоеше пријава на такви настани).Под насилство во бракот се подразбира физичко и сексуално злоставување коего врши мажот над жената, независно од тоа дали делото е пријавено, односнооткриено и дали било предмет на кривично или прекршочно гонење и постапка.Насилството во семејството меѓу интимните партнери вклучува физичко,сексуално, психолошко и економско насилство меѓу сегашни или поранешнисопружници, како и меѓу сегашни или поранешни партнери.

## 3. НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ

Со носење на Законот за превенција, спречување и заштита од семејното насилство, а во 2021 со донесување на законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилствојасно се дефинира кои институции превземаат мерки за заштита и превенција на жртви од семејно насилство како и нивната взаемна координираност и поврзаност. Цел на законот е превенција и спречување на родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство, ефективна заштита на жртвите од каков било облик на родовобазирано насилство врз жени како и на жртвите на семејно насилство со почитување на основните човекови слободи и права загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Целта на законот се заснова на принципот на еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги.

Според законот, „Насилство врз жените“ е кршење на човековите права, дискриминација врз жените и ги означува сите дејствија на родово-базирано насилство што доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и директни и индиректни закани и заплашување за такви дејствија, изнуда, произволно ограничување и/или лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот(Закон заспречување и заштитаоднасилствоврзжените и семејно насилство 2021: чл.18)

„Родово-базирано насилство врз жените“ е насилство насочено против жената затоа што е жена или коешто несразмерно ја погодува. Родово-базираното насилство врз жените ги опфаќа причините и резултатот од нееднаквиот однос на моќта помеѓу жените и мажите како резултат на општествен, а не индивидуален проблем. Семејството е основен социјален фактор во денешни услови за одгледување на детето. Семејството го дава моделот на однесување, го прифаќа или го отфрла детето, го помага или го отежнува развојот. Доколку функцијата на семејството е успешна, во тој случај тоа може да контролира многу негативни ефекти од општо општествено влијание.(Анѓеловиќ 2018:24).

Органите на државната власт, правните лица кои вршат јавни овластувања утврдени со закон, функционерите, службениците и другите овластени лица кои извршуваат работи во име на државата имаат обврска да се воздржат од учество во дејствие на насилство и да ги преземат сите мерки и активности за да спречат какво било дејствие на родовобазирано насилство врз жените и семејното насилство, остваруваат меѓусебна соработка и координација. Многу често и жртвите деца на ваквите семејства понатаму се појавуваат како деца криминалци, што значи многу

Мерките за заштита освен за жртвата се обезбедуваат и за други членови на семејството кои што исто така се јавуваат како жртви. Законот за заштита, превенција и спречување од семејно насилство јасно ги дефинира превентивните мерки кои што ги превземаат и вршат надлежните министерства и институции, а станува збор за преземање на мерки кои вклучуваат :

- промовирање на сите вредности за родово базирана еднаквост,
- воведување на програми за ненасилно однесување уште во претшколска возраст и основно образование, се со цел децата од најмала возраст да се запознаат со темелните вредности и препонавање на дејствија кои претставуваат семејно насилство,
- стекнување на вештини за мирно решавање на конфликти преку воведување на програми во средните училишта и високото образование,
- подигнување на нивото на медиумска одговорност, се со цел да се изврши објективно известување на случаите на семејно насилство и да не се врши родова дискриминација. (Димковска 2019, стр. 10)

## 4. ЗАКЛУЧОК

Семејното насилство претставува еден значително комплексен феномен, кој пак се јавува како резултат на голем број на фактори. Тука како што претходно е наведено влегуваат карактеристиките на семејството,

карактеристиките на вршителот односно сторителот на семејното насилство, личните особини на жртвата, како и сите општествени фактори. Како генерален заклуок кој го изведов од ова мое истражување е дека нашата држава итно и соодветно треба да одговори на овој проблем со преземање на сите неопходни мерки од страна на надлежните институции,а целта е превенцијата. Бидејќи за жал сведоци сме на голем број на убиства во последните години, извршени во самоодбрана од страна на жртвите на семејно насилство. Сите тие неколку пати пред извршување на убиството, веќе го имаат пријавено партнерот во надлежните институции. Поради непостапувањето на институциите, жртвите се оставени сами на себе и на крајот насилниците се тие кои настрадуваат. Карактеристично е тоа што, во сите области каде што се јавува семејното насилство, последователните услуги преовладуваат над превентивните интервенции. Напротив потребно е да се посвети повеќе внимание и навреме да се идентификуваат жртвите иформите на семејното насилсвто, се со цел да се намали бројот на лицата што се жртви насемејно насилство во иднина.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Анѓеловиќ, И. (2018). Егзогени фактори за појава на детско престапништво, Правен факултет, УГД

Асијел, И., (2012). Завера чутања, Насиље у породици, Зборник радова са научног скупа, Правен факултет-Белград

Совет на ЕУ (2021). Брошура за бесплатна правна помош, Совет на ЕУ

Бужаровска,Г., Кошевалиска, О., & Нанев, Л. (2018). „ Феноменологија на детското престапништво, Скопје

Влашковиђ, В.(2009). Право на заштиту од насиља у породици као субјективно грађанско право, Анализа Правног факултета у Београду, год. LVII, стр. 249- 264.

Димковска, И. (2019). „Семејно насилство и неговите видови"-Правен факултет УГД

Зконот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Службен весник на РСМ, бр. 24 од 29.1.2021 година

Катиќ, М. (2021). „Поимно определување на жртвите и односот на меѓународното право кон жртвите",Правни факултет-Бања Лука, 7th International Scientific Conference"Social Changes in the Global World

Кривичен законик (КЗ) („Службен весник на Република Македонија"бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015 и 97/2017,115/2018, 32/2023)

Констановиќ – Вилиќ,С., Николиќ – Ристановиќ В., & Костиќ, М. (2010). Криминологија. (Прометеј: Белград)

Спировиќ-Трпеновска, Љ., Мицковиќ, Д., & Ристов, А. (2013).„Семејно право, Културна установа Блесок, Едиција Индра, Скопје стр. 224.

Станојоска, А. (2015).„Виктимологија", Правен факултет-Кичево, Битола

Тодорова, Б., Апасиев, Д., Шутова, М., Максимова, Е., Кошевалиска, О., & Стојановски, С. (2020). „Семејно насилство"-УГД-Штип.